Инспекторот за социјална заштита од Секторот за инспекциски надзор во социјалната заштита при Министерството за труд и социјална политика врз основа на член 242 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Македонија„ број 79/2009, 36/2011, 51/2011, 166/2012, 15/2013, 79/2013, 164/2013, 187/2013, 38/2014, 44/2014,116/2014,180/2014 и 33/2015), (во натамошниот текст: Законот), а за отстранување на недостатоците и неправилностите утврдени со Записникот број 16-4312/2 од 29.05.2015 година за извршен редовен инспекциски надзор во ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Штип, (во натамошниот текст: Центарот), застапуван од директорот Наталија Панова донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се наредува на Директорот на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Штип за отстранување на констатираните недостатоци и неправилности во примената на Законот за социјалната заштита, Законот за семејството („Службен весник на Република Македонија„ број 80/92, 38/2004, 09/2006, 33/2006 , 84/2008, 67/2010, 156/2010, 39/2012, 44/2012, 38/2014 и 115/2014) и подзаконските акти донесени врз нивна основа, да ги преземе следните мерки во роковите и од страна на одговорните лица:

1. Центарот во постапката за остварување и користење право на сместување во згрижувачко семејство, да изготвува Лист за следење на работата со корисникот на секој стручен работник вклучен во работата со корисникот во предметите на Ч.С со решение број 08-418 од 26.01.2015 година, Ѓ. С со решение број 08-417 од 26.01.2015 година и Н. К со решение број 08-416 од 26.01.2015 година и да изготвува Наод и мислење на стручен работник-правник во предметите на Ч. С со решение број 08-418 од 26.01.2015 година, Ѓ.С со решение број 08-417 од 26.01.2015 година и Н. К со решение број 08-416 од 26.01.2015 година, С. К со решение број 08-1326 од 30.03.2015 година и Б. К со решение број 08-1327 од 30.03.2015 година, Џ.Д со решение број 08-413 од 26.01.2015 година, согласно член 113 од Законот и член 25,26 и 29 од Правилникот за начинот на водење и содржина на евиденцијата за корсниците на правата од социјална заштита и документацијата за стручната работа („Службен Весник на Република Македонија„ број 171/2011).

**Одговорни лица: Директорот и стручните работнии**

**Рок: 31 јули и постојана задача**

2. Центарот во постапката за остварување на право на сместување во згрижувачкото семејство да бара од згрижувачот да му доставува извештај на Центарот за својата работа секоја година како и тогаш кога тоа тој ќе го побара, согласно член 34 од Законот и член 151 од Законот за семејството („Службен весник на Република Македонија„ број 80/92, 38/2004, 09/2006, 33/2006 , 84/2008, 67/2010, 156/2010, 39/2012, 44/2012, 38/2014 и 115/2014).

**Одговорни лица: Директорот и стручните работници**

**Рок: 31 јули и постојана задача**

2. Се задожува директорот на Центарот, веднаш по истекот на рокот за извршување на инспекциските мерки, а најдоцна во рок од три дена писмено да ги извести инспекторите дали се извршени инспекциските мерки определени за отстранување на констатираните неправилности во работата на Центарот, согласно член 30 од Законот за инспекциски надзор, („Службен весник на Република Македонија,, број 50/2010, 162/2010, 157/2011,147/2013 ,41/2014 и 33/2015).

Жалбата не го задржува извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Инспекторот за социјална заштита од Секторот за инспекциски надзор во социјалната заштита при Министерството за труд и социјална политика изврши вонреден инспекциски надзор во ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Штип на ден 27.05.2015 година, во поглед на спроведувањето и примената на Законот за социјалната заштита, Законот за семејството, подзаконските, поединечните и другите акти донесени врз нивна основа, во предметите на корисниците на право на сместување во згрижувачко семејство.

За извршениот инспекциски надзор и констатираната состојба, инспекторот состави записник број 16-4312/2 од 29.05.2015 година.

Согласно член 242 од Законот се донесе решение како во диспозитивот.

Жалбата не го задржува извршувањето на решението согласно член 244 став 2 од Законот.

Решено во Секторот за инспекциски надзор во социјалната заштита при Министерство за труд и социјална политика на ден 29.05.2015 година под број 16-4312/3

.

**Упатство за правно средство:** против ова решение може да се изјави жалба до Државната комисија за одлучување во втор степен од областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка во рок од 8 дена од денот на приемот на решението преку Секторот за инспекциски надзор во социјалната заштита при Министерството за труд и социјална политика.

**Инспектор за социјална заштита,**

Инспектор, Слободан Трајковски